ОПШТИНА БИТОЛА

Согласно измени и дополнување на програмата за култура за 2024 година, усвоена со Одлука на Совет на општина Битола, Бр.09-60/13, усвоена на 09.07.2024 година,

**Општина Битола**
**објавува**
**Јавен повик за поддршка на програмски активности и настани на културно уметнички друштва**

Со цел збогатување на фолклорот, негова поголема афирмација, поголема вклученост на младите кои ќе ја негуваат традицијата и културата во нашиот град, Општина Битола, оваа година со измените и дополнувањата на програмата за култура за 2024 година има предвидено и поддршка на програмски активности и настани на културно уметничките друштва.

**Предмет на јавниот повик** – кофинансирање на програмски активности и настани, презентирање, афирмирање, зачувување и пренесување на материјалното и нематеријалното културно фолклорно наследство.

Вкупниот износ на средства кои се предвидени со овој повик е 1.000.000,00 денари.
Програмските активности и настани треба да се реализираат заклучно со 31.12.2024год.

**Право на учество на јавниот повик** имаат сите Културно Уметнички Друштва (здруженија на граѓани од областа на фолклорот) со седиште во Општина Битола, на кои што основни цели и задачи им се афирмирање, омасовување и развој на традицијата, формирање на секции и групи за изучување, негување, развивање, унапредување и презентирање на фолклорните добра.

**Потребни документи за пријавување:**
- Копија од Решение за регистрација
- Копија од Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 месеци
- Пропратно писмо (пријава) за учество на јавниот повик
- Пополнет образец за утврдување на фактичката состојба во културно уметничките друштва
- Изјава од овластено лице на апликантот дека до Општина Битола ќе се достават наративен и финансиски извештај со фотографии и докази за добиените финансиски средства од Општина Битола (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка), заверена на нотар (во оригинал)

**Критериуми за оценување на проектите:**

рој на членови 2**0 бода**

онд на носии со кои располага ансамлот 2**0 бода**

ркестар со кој што располага друштвото (тадиционален и народен)**; 15 бода**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

# ОПШТИНА БИТОЛА

Музички инструменти и реквизити кои се во сопственост на културно уметничкото друштво; **10 бода**

епертоар со кој располага културно уметничкото друштво; **15 бода**

рофесионална екипираност, капацитети и можности за реализација на програмските активности и настаните; 2**0 бода**

Висината на износот со кој финансиски ќе бидат поддржани културно умтничките друштва ќе биде одлука на комисијата, согласно извршеното бодување по горенаведените критериуми и докази. Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени 70 % веднаш, а додека 30 % ќе бидат исплатени по доставениот финансиски извештај, најдоцна до 31.12.2024.

Образецот за утврдување на фактичката состојба мора да биде пополнет на компјутер (пријави напишани на рака нема да бидат прифатени) и да биде поднесен на македонски јазик. Образецот е достапен на веб страницата на Општина Битола **www.bitola.gov.mk**

Повикот трае од 17.07.2024 до 23.07.2024 до 15.30 часот.

Краен рок поднесување на пријавите со прилозите во 1 (еден) примерок е до вторник 23.07.2024 год. до 15.30 часот. Овој краен рок е валиден и за апликациите со прилозите доставени лично (на шалтер), пратени преку пошта или курирска служба. Сите пријави со прилозите мора да бидат примени од страна на општина Битола пред крајниот рок (а не само пратени). Датумот на испраќање нема да биде земен предвид.
Пријавите со прилозите која е поднесена лично, преку пошта или курирска служба мора да биде доставена пред истекот на крајниот рок на следнава адреса: Општина Битола, Булевар 1 Мај бр.61, Битола, со назнака за „Јавен повик за поддршка на програмски активности и настани на културно уметнички друштва"

Ненавремена, нецелосна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Одлуката на Комисијата за евалуација е конечна.

Апликантите коишто имаат забелешки на процесот или оценувањето, може да поднесат барање за појаснување до Општина Битола, кое мора да биде во пишана форма, во рок од 10 дена по известувањата за доделени средства, а треба да се поднесе во Архивата на Општина Битола или на електронската адреса culture@bitola.gov.mk

Телефон за контакт 047 208 347

Бр.08 – 690/1
17.07.2024

Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски